# Обука за радиодифузери за правилата за изборно медиумско претставување

**Скопје, 16.02.2016г. –** Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 15 до 19 февруари 2016 година ќе одржи шест работилници за регионалните, локалните и националните радиодифузери во Република Македонија, вклучувајќи го и јавниот радиодифузен сервис. Радиодифузерите ќе бидат запознаени со обврските кои произлегуваат за нив од Изборниот законик, како и со Методологијата согласно која Агенцијата ќе го реализира мониторингот на медиумското изборно претставување.

**Обуките ќе се реализираат по следниов редослед:**

**– 15.02.2016г.** во Тетово за регионалните и локалните РА и ТВ на подрачјето на Тетово, Гостивар, Пласница, Ростуше(Жировница), Кичево;

**– 16.02.2016г.** во Охрид за регионалните и локалните РА и ТВ на подрачјето на Охрид, Струга, Дебар, Битола, Прилеп, Долнени;

**– 17.02.2016г.** во Штип за регионалните и локалните РА и ТВ на подрачјето на Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија, Штип, Берово, Делчево, Кочани, Свети Николе, Виница, Пехчево, Пробиштип, Струмица, Радовиш;

**– 18.02.2016г.** во Скопје за националните РА и ТВ;

**– 19.02.2016г.** во Скопје за РА и ТВ сервиси на Јавниот радиодифузен сервис и за регионалните и локалните РА и ТВ на подрачјето на Скопје, Куманово, Кратово, Велес.